**МПИ Жито Караорман А.Д. - Кичево**
Булевар Илинден бр.44, 6250 Кичево
Тел.: +389 70 223 205; +389 45 221 290
даночен број: **4012996102753**
mail: zitokaraorman@t.mk
www.zitokaraorman.eu.mk

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

за постигнатите резултати на МПИ Жито Караорман АД – Кичево
за периодот 01.01.2023 – 30.06.2023 година

Во периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година МПИ Жито Караорман АД - Кичево нема промени во однос на сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи, истовремено финансиските резултати за овој период покажуваат дека Друштвото има остварено загуба од 19573 илјади денари, додека во истиот период од претходната година добивката беше 2506 илјади денари.

За шесте месеци од оваа година остварени се вкупно приходи во износ од 47693 илјади денари и во однос на лани за истиот период се зголемени за 49,08 %. Вкупните приходи се остварени од домашен пазар.

Расходите за овие шест месеци оваа година изнесуваат 67266 илјади денари и во однос на истиот период од предходната година се зголемени за 228,14%.

Високите расходите во овој период се должат на сеуште високите цени на енергијата потребна во процесот на работа и сеуште намалената функција на мелницата поради тоа, односно производство на брашно од сите типови.

Дивидентата со одлука од собрание на акционери оди за покривање на стари загуби.

Во однос на вложувањата за нови материјални средства (машини и опрема) во овој период значајно е да се напомене дека се изврши комплетна реконструкција на ферментационата комора во износ од 1537 илјади денари, и во наредниот период се очекува зголемување на квалитетот на финалните производи и заштеда на енергија во самиот процес на работа.

Во престојниот период исто така се очекува зголемување на приходите со оглед на фактот дека се набавија поголеми количини на пченица и мелницата се очекува да работи со зголемен капацитет.

Кичево, 01.08.2023 год.

МПИ Жито Караорман А.Д. - Кичево